а со членот 14 став 1 од Уставот е утврдено дека никој не може да биде казнет за дело кое пред да биде сторено не било утврдено со закон или со друг пропис како казниво дело и за кое не била предвидена казна.

Согласно член 23 од Уставот, секој граѓанин има право да учествува во вршењето на јавни функции.

Со членот 32 став 1 од Уставот се уредува дека секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална безбедност за време на привремена невработеност, а според став 2 на овој член од Уставот, секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место.

Според член 54 став 1 од Уставот, слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да се ограничат само во случаи утврдени со Уставот.

Согласно член 98 став 1 од Уставот, судската власт ја вршат судовите, а според став 2 од овој член судовите се самостојни и независни и судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

Законот за техничка инспекција ("Службен весник на РМ" бр. 48/99), во членот 9 утврдил услови кои треба да ги исполнува одредено лице за да може да биде назначено за инспектор во Инспекторатот за техничка инспекција. Во ставот 2 алинеја 2 од овој член на Законот, е утврдено дека услов за назначување на инспектор е против него да не се води кривична постапка и да не е осудуван за кривични дела против државата, службената должност, против јавните финансии и стопанството, како и за кривично дело извршено во умисла за кое може да се изрече казна затвор во траење од најмалку една година.

Тргнувајќи од погоренаведените уставни одредби, а имајќи ја предвид содржината на оспорената одредба од членот 9 став 2 алинеја 2 од Законот за техничка инспекција, според која текот на водењето на кривична постапка или осудуваноста на граѓанинот за одделни кривични дела, е ограничувачки фактор лицето да врши функција на инспектор во Инспекторатот, по сила на самиот закон, а не како последица од конкретна казна (забрана) што ја изрекол судот со правосилна судска одлука, според мислењето на Судот тоа е повреда на уставниот принцип на претпоставена невиност и принципот на законитост во казнувањето, се ограничува правото на работа и учеството на вршење на јавна функција.

Имено, правните последици од осудата не можат да настапуваат автоматски по сила на закон, туку тие настапуваат само со правосилна судска одлука. Казнено-правниот однос се исцрпува на релацијата на казнивото дело и судски изречена казна за неговиот сторител и натамошни последици од неговото извршување односно од осудата за тоа дело кои се состојат во ограничување на правата на граѓаните не се допуштени, освен ако тоа не е изрично утврдено со Уставот.

Со оглед на тоа, Судот оцени дека оспорената одредба од членот 9 став 2 алинеја 2 од Законот за техничка инспекција не е во согласност со напред наведените одредби од Уставот на Република Македонија.

5. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

6. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот д-р Тодор Џунов и судиите Бахри Исљами, д-р Никола Крлески, Олга Лазова, д-р Стојмен Михајловски, д-р Милан Недков, д-р Јован Проевски, Бесим Селими и д-р Јосиф Талевски.

У. бр. 117/2002
11 декември 2002 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
д-р **Тодор Џунов,** с.р.

ИСПРАВКИ

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за супервизија на осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2002) е направена грешка поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Во членот 23 став 2 наместо бројот "VIII" треба да стои бројот " VII 1".

Бр. 10-4629/2
20 декември 2002 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република
Македонија

---

Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, дава

ИСПРАВКА

На Одлуката за утврдување на работните места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење во АД "Макстил" и АД "Троска"-Скопје број 02-4315/1 од 6 септември 2002 година, објавена во "Службен весник на РМ" бр. 75/02 од 01.10.2002 година, во член 1 под реден број 43, направена е техничка грешка. Имено, во називот на работното место под овој број по зборовите: "Ракувач на" треба да се додадат зборовите; "ленти, дробилка и".

Фонд на пензиското и инвалидското
осигурување на Македонија

## *Огласен дел*

### СУДСКИ ОГЛАСИ

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ I - СКОПЈЕ

Пред овој суд е поднесена тужба од тужителот Тифи Бајрами од с. Бојане Скопје, против тужениот Шабан Бајрами од с. Бојане Скопје, со непознато место на живеење, за развод на брак.

Се повикува тужениот Шабан Бајрами да се јави во судот или да постави полномошник кој ќе ги застапува неговите интереси во рок од 30 дена од денот на објавувањето на огласот во спротивно неговите интереси ќе ги застапува посебниот старател Бошковски Варко адв., ул. „Кочо Рацин" бр. 10 Скопје, кој поставен со решение на Меѓуопштински центар за социјална работа на град Скопје бр. 3020-626 од 12.12.2002 год., се до правосилното окончување на постапката што се води пред овој суд, односно дека се додека не се јави тужениот или неговиот полномошник пред судот.

Од Основниот суд Скопје I - Скопје, XX.П.бр. 2896/02. (33951)

ОСНОВЕН СУД СКОПЈЕ II - СКОПЈЕ

Пред Основниот суд Скопје II - Скопје се води постапка за расправање на оставината на пок. Никче Јанушевски од Скопје кој починал на 9.07.1962 година. Како наследници на покојниот се јавуваат лицата Живко Јанушевски син, Недева Лилјана ќерка, кои се со непозната адреса на живеење.

Се повикуваат горе именуваните лица во рок од една година од објавувањето на огласот да се јават во судот или да ја пријават нивната адреса на живеење. Во спротивно во постапката по предметната работа нивните интереси ќе ги заштитува привремен старател се до нивното појавување односно окончување на постапката.

Од Основниот суд Скопје II - Скопје, III О бр. 1079/02. (33896)